Здружение МАКЕДОНСКИ КОМИТЕТ ЗА ГОЛЕМИ БРАНИ - ЗМКГБ Скопје
тел. 02 3116-066, лок. 135, лок. 136, факс. 02 3118-834, http://www.macold.org.mk
Адреса: Градежен факултет - Универзитет Св. Кирил и Методиј,
бул. Партизански одреди, 24, 1000 Скопје, РС Македонија
Жиро сметка: 300000001888141, Трансакциска сметка за донации 300000004369692
ЕДБ/МК: 4030002505887, Комерцијална банка АД-Скопје

Ljupcho Petkovski
Digitally signed by Ljupcho Petkovski
DN: cn=Ljupcho Petkovski, o=Faculty of Civil Engineering in Skopje, ou=Chair of Hydraulic Structures, email=petkovski@gf.ukim.edu.mk, c=MK
Date: 2022.11.16 00:05:09 +01'00'

# ЗАПИСНИК
# од 4. седница на претседателството на ЗМКГБ, одржана на 8.11.2022 година

(верзија 2022-11-16)

Скопје, ноември 2022 година

## ЗАПИСНИК

од **4.** седница на претседателството на ЗМКГБ,
одржана на 8.11.2022 година

На Седницата, одржана во салата за состаноци за здруженијата на ГФ во Скопје со почеток во 13:00 часот, присуствуваа членовите на претседателството и надзорниот одбор:

1. Љупчо Петковски, претседател на ЗМКГБ,
2. Драги Дојчиновски, член на претседателство
3. Драган Димитриевски, член на претседателство
4. Лидија Зафировска, член на претседателство
5. Илија Кондински, член на претседателство
6. Ибраими Шпресим, член на претседателство

Најавено отсутни на седницата:

1. Стевчо Митовски, потпретседател на ЗМКГБ
2. Славко Милевски, ген. секретар на ЗМКГБ,
3. Игор Пешевски, член на претседателство
4. Здравко Јаковлевски, член на надзорен одбор

Ненајавено отсутни на седницата:

1. Игор Николоски, член на претседателство
2. Ѓорѓи Чакаровски, член на претседателство
3. Орце Мангаровски, член на надзорен одбор
4. Даниел Цеков, член на надзорен одбор

На Седницата, беа поканети и членови на Редакцискиот и Организациониот одбор за идните манифестации на здружението за брани. Од поканетите, присуствуваа:

1. Фросина Пановска, тех. секретар на ЗМКГБ,
2. Љубе Димов, АД Водостопанство на РСМ и
3. Ванчо Малзарков, советник во АД Водостопанство на РСМ

Седницата, одржана со физичко присуство, ја отвори претседателот на ЗМКГБ, Љупчо Петковски. На почетокот на Седницата беше усвоен следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на записникот од **3.** седница на Претседателството на ЗМКГБ.
2. Информација за 2-та Конференција за хидројаловишта, организирана од ЗМКГБ и одржана на 21-22.10.2022 година во Штип.
3. Припрема за Годишно собрание (и семинар) на ЗМКГБ, во Скопје, планирано кон крајот на декември 2022 година.
4. Разно.

За секоја од наведените точки од Дневниот ред се разви дискусија со следниве

**ЗАКЛУЧОЦИ**

**Точка 1. Записник од претходната седница**
Записникот од 3. Седница на Претседателството, финалната верзија, е доставен до сите членови на Претседателството на ЗМКГБ, и во однос на текстот на истиот не се констатирани забелешки, по што едногласно се усвои.

**Точка 2. Информација за 2-та Конференција за хидројаловишта**
Љ. Петковски информираше за 2-та Конференција за хидројаловишта во организација на ЗМКГБ, одржана на 21.-22.10.2022 година, во Штип.

За Втората конференција за хидројаловишта пристигнаа одреден број реферати, од кои 11 беа прифатени од Редакцискиот одбор да бидат отпечатени во Зборникот посветен на конференцијата. Рефератите беа на македонски јазик (9) и на англиски јазик (2), а беа подготвени од експерти од РС Македонија, Канада и Босна и Херцеговина. Рефератите во Зборникот, главно, беа подредени според петте теми предвидени за Конференцијата и беа приспособени според широкиот спектар на проблеми кои се третирани во трудовите. Подвлекуваме дека најголемиот број реферати беа илустрирани со резултати од истражувања, проектирање, градење и оскултација на јаловишните брани на рудникот Саса, кои претставуваа главно обележје на Втората конференција. Затоа, за хидројаловиштата Саса 3-2 и Саса 4, на рудникот Саса од М. Каменица, беше организира стручна посета, која е традиционална за сите манифестации на ЗМКГБ.

На 21.10.2022 година, на Свеченото отворање на Конференцијата во хотелот Оаза во Штип, поздравен збор беше даден од проф. Љупчо Петковски, Претседател на ЗМКГБ и претседател на Организациониот одбор. До учесниците на Конференцијата се обратија: ректорот на УГД, Штип, проф. Дејан Мираковски, продеканот за наука на ГФ, УКИМ, Скопје, проф. Златко Богдановски, претставникот на КОАИ, Скопје, Александар Јаневски и претседателот на ДГКМ, Скопје, проф. Дарко Наков. На конференцијата имаше околу 80 учесници.

Со одржувањето на Втората конференција беше исполнета основната цел на собирот - размена на искуства и трансфер на знаења во областа на „Јаловишните брани и таложните езера“. На тој начин, денешната генерација на хидротехничари, рудари и геотехничари востановува традиција со „Конференции за хидројаловишта“, засега скромна, но за која сме убедни дека е благородна и дека ќе биде одржана од следните генерации. Професионалната презентација на рефератите и бројните дискусии, како и заинтересираните учесници во скоро секогаш полната сала, беа најдобра потврда за квалитетот на одржаната конференција за хидројаловишта.

На крај, треба да се истакне, дека покрај теоретскиот дел на конференцијата, успешно беше спроведен и практичниот дел, со стручна посета на јаловишните брани Саса 3-2 и Саса 4, со придружните хидротехнички објекти на рудникот Саса, М. Каменица, на 22.10.2022 година. На обиколките на објектите на преградните профили, им претходеше презентација на јаловишните брани во долината на реката Каменица од операторот со хидројаловиштата - рудник Саса. Ја ползуваме оваа можност, во името на Здружението МКГБ да се заблагодариме на љубезните домаќини за професионалната презентација на хидројаловиштата на р. Саса и организацијата на теренска посета, како и на сите фирми и институции (докажани

пријатели на ЗМКГБ), кои со својата несебична финансиска поддршка помогнаа во реализацијата на Втората конференција за хидројаловишта.

Подетален извештај за 2-та Конференција за хидројаловишта е објавен на сајтот на списанието ПОРТА3 https://www.porta3.mk/vtora-konferencija-za-hidrojalovishta-realizirana-od-zmkgb/ и треба да биде објавен/отпечатен во најновиот број на списанието Пресинг.

Од финансиски аспект, добивките на ЗМКГБ, во периодот од 1.1.2022 до 7.11.2022 изнесуваа 265,000 денари. Тие средства воглавно беа од членарини, котизации и донации за одржувањето на 2-та Конференција за хидројаловишта. Во оваа пригода беше изразена благодарност до поддржувачите на ЗМКГБ во 2022 година, со што обезбедија рекламен простор во Зборник од настан што ќе биде реализиран идната година:

| rb | Firma |
|---|---|
| 1 | ГИМ, Скопје |
| 2 | Саса, М.Каменица |
| 3 | ИЗИИС, УКИМ, Скопје |
| 4 | ГХК, Скопје |
| 5 | КОАОИ, Скопје |
| 6 | Хидроконсулт, Скопје |
| 7 | ГФ, УКИМ, Скопје |
| 8 | Чакар-партнерс, Скопје |
| 9 | ХЕИ, Скопје |
| 10 | Геинг КуК, Скопје |
| 11 | Геомап Дизајн, Скопје |
| 12 | ЈП Стрежево, Битола |
| 13 | БУЛМАК, Пробиштип |
| 14 | СТЕНТОН, Битола |
| 15 | ДИЖС, Скопје |
| 16 | ЈП Лисиче, Велес |
| 17 | Гео Инг, Делчево |
| 18 | ФПТН, УГД, Штип |
| 19 | Страбаг, Скопје |

Трошоците на ЗМКГБ за одржувањето на 2-та Конференција за хидројаловишта беа:

| рб | Преглед на трошоци за 2-ра Конференција | ден |
|---|---|---|
| 1 | CIP запис | 600 |
| 2 | материјални трошоци (ФП), flomasteri | 510 |
| 3 | материјални трошоци (СМ), lepliva hartija | 400 |
| 4 | материјални трошоци (ЉП), вечера со студенти | 4,930 |
| 5 | Лектура на зборник | 4,964 |
| 6 | Печатење на плакати (ПРОМЕДИА ДОО Скопје) | 1,133 |
| 7 | Печатење на 75 зборници (ПРОМЕДИА ДОО Скопје) | 19,470 |
| 8 | Набавка на ташнички (ДЕЛТА БАГ ДООЕЛ) | 33,630 |
| 9 | Набавка на пенкала, тефтери, акредитации (ТОЗ МК) | 8,679 |

| | | |
|---|---|---|
| 10 | Хотел "Оаза", коктел, кафе паузи, ручек, сместување на организационен одбор (студенти) | 109,140 |
| | вкупни трошоци за 2ра конференција | 183,456 |

Ако на овие трошоци за конференцијата се додадат износите за банкарски провизии, сметководство, одржување на сајт на ЗМКГБ, членарина за ICOLD 2021, во периодот 1.1.2022-7.11.2022, се добиваат трошоци од 404,195 денари, така што нето добивката на ЗМКГБ во 2022 (заклучно со 7.11.2022) е негативна, односно изнесува -139,195 денари.

Беше предложено во следниот период, пред да се уплати членарината во Меѓународната комисија за брани (ICOLD 2022 godishen depozit = 2,638 евра), до традиционалните спонзори на ЗМКГБ да биде испратена Молба за покривање на дел од ICOLD членарините за 2022 и 2023 година на ЗМКГБ, со надеж дека ќе се прошири листата на поддржувачите во 2022 година (и евентуално ќе се промени рангирањето).

Со финансискиот преглед се потврдува дека опстанокот на MACOLD и обезбедувањето на полноправно членство во ICOLD е можно само ако се продолжи со востановената традиција - секоја година да се организира манифестација за размена на искуства и знаења од областа на Инженерството за брани. Досегашните настани организирани од ЗМКГБ беа препознаени како форуми кои придонесуваат во унапредување на знаењето од хидротехниката на учесниците и затоа биле поддржани од спонзорите на Здружението за брани.

**Точка 3. Припрема за Годишното собрание**

За претстојното Годишно собрание на ЗМКГБ, во декември 2022 година, беше предложено да се одржи на 23.12.2022 (Петок) со физичко присуство во салата за конференции на КОАОИ.

Вообичаено, Годишното собрание се состои од административен дел, по што ќе следи семинар, и вообичаениот коктел во пред-новогодишна атмосфера. Така што настанот, доколку започне во 12:00, би завршил околу 14:00.

Во административниот дел, покрај стандардните содржини, беше предложено да се додели Плакета за заслужен член на ЗМКГБ на Славчо Михајловски, кој беше избран на Годишното собрание во декември 2021 година (одржано преку интернет поради COVID пандемијата), кога пригодна реч со кратка биографија за Славчо Михајловски беше дадена од Игор Николоски.

За семинарот треба да се имаат предвид темите кои беа застапени во претходните години:

(1) Оскултација и мониторинг на браните,
(2) Слабости на постојната легислатива во домен на хидросистемите,
(3) Еколошките влијанија на браните и акумулациите,
(4) Можности за развој на хидроенергетскиот потенцијал во РС Македонија во идниот период,
(5) Потреба од измени и дополнувања на Законот за градење со цел да се унапреди законската регулатива во градежништвото,
(6) Искуства од градбата на големи брани во сегашниот период,
(7) Актуелности во планирање, оскултација и санација на хидротехничките објекти.

Воедно треба да се размислува за одржување на настан во октомври 2023 година, за кој треба да се донесе одлука во административниот дел од Годишното собрание. Имено, за да се задржи континуитетот на делувањето на ЗМКГБ,

здружението треба да организира барем еден значаен настан (советување, конгрес, симпозиум) секоја година.

По однос на долгорочното планирање на активностите на ЗМКГБ беше подвлечено дека во 2023, најверојатно заеднички со АД ВС РСМ, ќе се организира 13. Советување за водостопанство и хидротехника, а во 2025 година, треба да се организира 6. Конгрес за брани со Изборно собрание на ЗМКГБ.

Понатаму, во рамките на претстојното Годишно собраните ќе треба да се дискутира и одлучи за евентуална стручна посета на брани во 2023 година. Треба да се има предвид стручната екскурзија која беше координирана со GRCOLD и детално испланирана во февруари 2020 година. Стручната посета на брани во Грција, најповолно е да биде организирана во април 2023.

Од дискусијата за организација на Годишното собрание во декември 2022 година, едногласно беа усвоени следните заклучоци:

(1) Годишно собрание на ЗМКГБ, да се одржи на 23.12.2022 (Петок), со физичко присуство, во сала за конференции на КОАОИ, Скопје, со почеток од **12:00** часот.

(2) Во рамки на Годишното собрание да се одржи семинар, со почеток од **13:00** часот на тема „Искуства од истраги, планирање, градба и одржување на јаловишни и конвенционални брани“, со презентација на 3-4 реферати, како поттик за натамошна дискусија.

(3) Потенцијални автори и работни наслови на рефератите се следните

1. „Долгорочно планирање на јаловишен простор на рудник Саса, М. Каменица“ (Јовица Велиновски),
2. „Теренски истраги за определување на консолидирана недренирана јакост на постојните таложни езера“ (Јован Б. Папиќ),
3. „Техники за рекултивација на хидројаловишта“(Николинка Донева)
4. „Сеизмички мониторинг на јаловишни брани“(Драги Дојчиновски)
5. „2-Д анализа на пропагација на поплавен бран при евентуално уривање на систем од јаловишни брани“ (Фросина Пановска),
6. „Сознанија во фаза на градба на каменозамјената брана Отиња, Штип“ (Златко Николовски),

(4) Во најскоро време да бидат контактирани потенцијалните автори и да биде потврдена нивната презентација на семинарот.

(5) Соопштение за Годишното собрание, односно Покана со дневен ред, да биде доставено до членството на ЗМКГБ најдоцна до 1.12.2022.

(6) Авторите да ги припремат презентациите (за говорна излагање во период од 10-15 минути) и најдоцна до 20.12.2022 година, во електронска форма, да ги достават до техничкиот секретар на ЗМКГБ.

**Точка 4. Разно**

Имаше бројни дискусии со што се иницираа актуелни теми од Инженерство за брани, кои ќе бидат предвидени како точки на дневен ред на следни седници на Претседателството на ЗМКГБ.

* * *

На крајот Љ. Петковски им се заблагодари на присутните за активното учество, им посака добро здравје и успешно Годишно собрание со семинар и навести дека

евентуална следна седница пред одржување на Годишното собрание може да се очекува во првата половина на декември, по што ја затвори седницата.

Седницата заврши во 15:30 часот.

Записничар,
Фросина Пановска

Скопје,
16.11.2022 година

Претседател на ЗМКГБ,

Проф. д-р Љупчо Петковски

Дополнувања на записникот:
****************************************************
From: Pesevski Igor <pesevski@gf.ukim.edu.mk>
Sent: Tuesday, November 8, 2022 22:25
Vo odnos na zapisnikot bi mozelo da se dodade deka na konferencijata za jalovista prisustvuvaa i studenti od studiska programa geotehnika, koi istiot den ja posetija brana otinja (vo izgradba), kade se zapoznaa so injekcionite raboti na branata i generalno tekovnite i planirani gradezni zafati do nejzino zavrsuvanje.
Vo odnos na potencijalnite predavaci za godisnoto sobranie, namesto mene da stoi kolegata Jovan Papic koj e najdobro upaten vo problematikata.
****************************************************